
Патување
низ
морето
Восхитувачка авантура
Водич низ Библијата

За време на Втората светска војна, во 1940 година, во близина на Данкерк, Франција, илјадници сојузнички војници беа опколени од германската армија. Нацистичките тенкови го затвораа обрачот и сојузниците беа присилени да се повлекуваат кон морето. Се чинеше дека сите ќе бидат или заробени, или ќе се удават во океанот.
И тогаш, преку радиостаниците беше испратен итен повик за помош. Како одговор на него, повеќе од 700 англиски, холандски и француски рибарски бродови, големи и мали, дојдоа да ги спасат војниците.

За девет дена, од 27-ми мај до 4-ти јуни, над 330 000 војници беа спасени од брегот на Франција и пренесени, преку Англискиот канал, на безбедно во Британија.

А денес, еден неверојатен воз секојдневно поминува низ Англискиот канал, од Франција до Британија. Овој воз патува со брзина од над 320 километри на час, низ тунелот под морето!



Дали знаше дека Библијата содржи запис за уште едно големо бегство? Но, ова не се случува *под*, ниту, пак, *преку* морето... *туку низ морето!*

Настанот се наоѓа во 2. Мојсеева 14 глава. Евреите, кои бегаа од ропството во Египет, се најдоа заробени на брегот на Црвеното Море. Од двете страни имаше гребени од карпи, а зад нив, огромен облак од прашина кој брзо се приближуваше - тоа беа моќните армии на Египет!

*Што би направил ти?* Замисли си дека ги гледаш светкавите оклопи и безбројните борбени коли на Египќаните како се насочиле кон тебе преку пустината... но, ти и луѓето околу тебе немате оружје со кое би се браниле! Не можете да се вратите назад. Немате чамци за да ги пренесете семејствата и товарот преку морето. Што ќе сторите? Што воопшто би можеле да сторите?

Во својата мака, Евреите извикаа кон Мојсеј, а тој се молеше сесрдно на Бога. И Бог се јави. Тој му рече на Мојсеј да му заповеда на народот да тргне напред. Одеднаш почна да дува силен ветар... и морето се отвори пред нив! Водата формира два сјајни ѕида од двете страни, отворајќи пат кој водеше токму среде морето.

Сите луѓе безбедно го преминаа морето. (Што мислиш, дали момчињата и девојчињата можеа низ ѕидовите од вода да ги видат рибите како пливаат?)

Откако минаа на другата страна, Евреите ги здогледаа зад себе своите поранешни господари како доаѓаат по нив по истиот пат низ морето. А тогаш водените ѕидови се срушија врз нив, и Божјиот народ се радуваше за своето избавување. Тие влегоа во водата како избегани робови, а излегоа како слободни луѓе во нов живот.

На ист начин, Исус сака да нè ослободи од сатаната и гревот. И неговиот пат до нов живот и слобода, исто така, води преку вода - тоа е процес кој се вика ***крштавање.***

Ајде да одиме на уште една авантура низ страниците на Светиот Божји збор и да видиме што можеме да откриеме за овој важен предмет.



На почетокот, ајде да се помолиме Бог да нè научи и да ни помогне да го разбереме неговиот Збор. Би можел вака да се помолиш:

*„Драги Боже, те молам помогни ми да дознаам што претставува крштавањето и како можам да бидам ослободен од мојот непријател, ѓаволот. Во името на Исус те молам. Амин.“*

## Дали некогаш си играл „влечење јаже“?

Тоа е кога два различни тима го влечат јажето од двата спротивни краја, трудејќи се да го повлечат другиот тим на својата страна.

Забавно е да ја играш оваа игра со твоите пријатели... но, дали некогаш си почуствувал играта „влечење јаже“ како да се случува во твојот ум? Од една страна, сатаната те искушува и те влече да го правиш она што е лошо и себично. Од друга страна, Светиот Божји Дух ти кажува да го правиш она што е добро и исправно.

Понекогаш можеби посакуваш да можеше само да си седиш на оградата и да не мора да избереш страна. Но, „седење на оградата“ не е добра идеја. Дали некогаш си се обидел да седиш на ограда со шилци или со бодлеста жица? Ауч! Тоа не би било премногу комфорно, а на крајот секако, ќе паднеш на едната или на другата страна. Бог не сака да седиме на оградата, бидејќи знае дека тоа не е добро место за нас.



**Хенри Браун бил роден како роб во 1816 година. По долгогодишно страдање, тој решил да избега. Еден пријател му направил дрвена кутија долга 90 и широка 60 сантиметри, и на неа напишал „ГОРЕ“ за да се знае која е горната страна на кутијата. Потоа Хенри се стуткал внатре, а неговиот пријател ја испратил кутијата од Северна Каролина во Пенсилванија. Патувањето траело повеќе од 27 часа. Но, и покрај натписот на кутијата, неколку часа при патувањето, таа била поставена наопаку! За среќа, Хенри конечно стигнал до слободата. Остатокот од својот живот го посветил на помагање на други робови да ја пронајдат слободата.**





## Можеме ли да избереме дали ќе бидеме спасени?

Одговор: *„Денес изберете кому ќе му служите... Јас и мојот дом ќе му служиме на Господа“ (Исус Навин 24,15). „Никој не може да им служи на два господара; зашто или едниот ќе го мрази, а другиот ќе го љуби; или ќе му биде приврзан на едниот, а другиот ќе го презира“ (Матеј 6,24). „Ги знам твоите дела, дека не си ни студен ни врел“ (Откровение 3,15).*

Бог сака да **и**___________ кому ќе му служиме.



Не можеш истовремено да ги почитуваш и Бог и сатаната. Тоа е како да се обидуваш да застанеш на два чамци во исто време. Ќе паднеш! Да се обидуваш да бидеш полухристијанин, всушност, значи дека *воопшто* не си христијанин. Не си навистина Божјо дете, ако не си целосно на Божја страна.

## Што сака Бог да избереме?

Одговор: ***„Пред вас ставам: живот и смрт, благослов и проклетство. И така, избери го животот... за да живееш ти и твоето потомство** [деца]**“ (5. Мојсеева 30,19).***

Избирајќи го Бог, ти избираш живот и **б**______________. Патот на сатаната води во беда, тага и смрт... но, Божјиот пат води во среќа, мир и рај.

Кога играш, ти сакаш да направиш најдобро што можеш за твојот тим, нели? Што би мислеле твоите соиграчи ако одвреме-навреме, му ги издаваш вашите тајни стратегии на противничкиот тим или им помагаш да постигнат поени! Најверојатно ќе ти кажат да си одиш. Исто е и во духовниот живот. Треба да избереш на кој тим сакаш да му припаѓаш, на Божјиот или на оној на сатаната. Постојаното менување на страните не е добра идеја. *(Патем, Божјиот тим е тој што победува!)*



Дали некогаш си видел верверица како претрчува преку автопат, и, кога ќе види автомобил како доаѓа, одеднаш се премислува? Почнува да трча натаму-наваму по средината на патот! Некои верверици завршуваат прегазени од автомобил, бидејќи не можат да се решат на која страна да прејдат.



## 3 Како да покажам дека сакам да го изберам Божјиот тим и да живеам за Бога?

Одговор: *„Покајте се! И секој од вас нека се крсти во името на Исуса Христа за проштавање на вашите гревови“ (Дела 2,38).*

Кои две работи ни кажува Библијата да направиме, ако сакаме да го следиме Исус? **П**_________ се и **к**__________ се. Да се **покаеш** значи да ти биде жал за твоите гревови и да се одвратиш од патот на себичноста. Ако си повредил некого или си му згрешил нешто, треба да го замолиш да ти прости и треба да ги исправиш работите. Треба да му ја кажеш вистината и да го вратиш или надоместиш тоа што си го зел. Потоа замоли го Исус да ти ги прости гревовите и да ти даде сила да живееш свет живот. Можеш да му веруваш дека Тој ќе го направи тоа. По донесувањето на оваа одлука, следниот чекор е да се **крстиш**, со што јавно изјавуваш дека си одбрал да бидеш на Божјата страна.

## 4 Дали е важно да се биде крстен?

Одговор: *„Кој ќе поверува и се крсти, ќе биде спасен; а кој не поверува, ќе биде осуден“ (Марко 16,16).*

**Да!** Исус многу јасно кажува дека Бог сака да се крстиме. Тој умре за нас да можеме да живееме вечно (Јован 3,16), и ни кажува дека ако веруваме и се крстиме, ќе бидеме **с**_________. Крштавањето, исто така, ќе им покаже и на нашите пријатели и на семејството дека сме решиле да го следиме Исус.

Кога ќе ја завршиш учебната година со сите петки или ќе добиеш нов велосипед, зар нема да сакаш да им кажеш на другите за таа возбудлива вест? Кога си го замолил Исус да ти ги прости твоите гревови и кога си му го предал својот живот, ќе сакаш да им раскажеш на другите за добрата вест. Најдобар начин да се стори тоа е да се крстиш.

Крштевањето е објавување за сите да знаат дека го избираш Исус 100%!



**Џени требаше да се крсти, и нејзината мајка ѝ напиша специјално ливче-потсетник. Ова е дел од пораката. Но, ох, по некој збор недостасува. Избери од листата и допиши ги во писмото!**

**ангели, посебен, фен, вратоврска, свечен, обесхрабри, срце**

„Ова ќе биде _ _ _ _ _ _ _ ден за тебе. Брат ти рече дека ќе се дотера за овој _ _ _ _ _ _ чин, ќе стави дури и _ _ _ _ _ _ _ _ _ _. Не дозволи сатаната да те _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ или да те уплаши. Бог нека ти даде храбро _ _ _ _. Знај дека сите _ _ _ _-_ _ ќе се радуваат за тебе!... Не заборавај да си понесеш _ _ _ за да си ја исушиш косата потоа...“

**Одговор:** „Ова ќе биде посебен ден за тебе. Брат ти рече дека ќе се дотера за овој свечен чин, ќе стави дури и вратоврска. Не дозволи сатаната да те обесхрабри или да те уплаши. Бог нека ти даде храбро срце. Знај дека сите ангели ќе се радуваат за тебе!... Не заборавај да си понесеш фен за да си ја исушиш косата потоа...“

# 5 Важно ли е *како* ќе се крстам?

Одговор: ***„Еден Господ, една вера и едно крштавање“ (Ефесјаните 4,5). „Јован го крсти*** [Исус] ***во Јордан. И веднаш, додека излегуваше од водата, виде: како се отворија небесата и Духот како слегува над Него како гулаб“ (Марко 1,9.10).***



Библијата вели дека постои едно вистинско к___________. Исус ни даде пример како треба да изгледа тоа.

Библијата вели дека Јован го крштавал народот во една река каде што имало многу вода. За време на крштавањето Исус бил *нурнат* под вода и *излегол* од водата. Јован не го попрскал Исус само со неколку капки по главата, како што денес прават некои. Всушност, самиот збор ***крштавање*** значи „да се нурне“ или „да се потопи.“

Исус е нашиот пример во сè, и ние треба да бидеме крстени на истиот начин на кој беше крстен Тој - со нуркање.

Тоа е начинот на кој и апостолите ги крштавале луѓето. ***„Филип и Етиопјанецот - слегоа во водата. И го крсти“ (Дела 8,38).***

Откако Исус бил крстен во реката Јордан, Светиот Дух се спуштил врз него во облик на гулаб. Потоа Отецот проговорил од Небото, велејќи: ***„Овој е мојот возљубен Син, во кого ми е милината!“ (Матеј 3,17).***

Кога ќе се крстиш, следејќи го со тоа Исусовиот пример, можеби нема да чуеш глас од небото, но знај дека Бог и за тебе вели: „Овој е мојот возљубен Син, во кого ми е милината!“ Тој те прифаќа како свое посебно дете!

## Брзи факти

Китовите дишат како луѓето, но некои од нив се шампиони во длабинско нуркање!

Пред да нурне, огромниот кит од видот главата уљарка, може да собере доволно кислород за да го задржи својот здив цели два часа. Ова му овозможува да се нурне скоро 3 километри под површината на океанот, за да се храни.



## 6 Кој друг симбол го претставува крштевањето?






Одговор: ***„И што се двоумиш сега? Стани, крсти се и измиј се од своите гревови, повикувајќи го името на Господа“ (Дела 22,16).***

Крштавањето е многу важно, бидејќи тоа означува дека нашите гревови се измиени. Кога сме крстени и имаме вера во Исус, ние сме очистени од СИТЕ наши гревови. Бог ни го дава својот Свет Дух да нè води во еден сосема нов живот, живот посветен на Исус.

## 7 Што уште претставува крштавањето? Зошто е тоа важно?





Одговор: ***„И така, преку крштавањето во смртта, погребани сме заедно со Него, - та како што Христос воскресна од мртвите преку славата на Таткото, - така и ние да одиме во нов живот... нашиот стар човек е распнат заедно со него, за да биде уништено телото на гревот, па да не му робуваме веќе на гревот“ (Римјаните 6,4.6).***

Исус умрел и бил погребан, а потоа, во третиот ден воскреснал. Крштавањето претставува симболично умирање на стариот начин на живот и воскреснување во нов живот.

Нуркањето под вода при крштавањето, симболички претставува крај за гревот и себичноста.

Излегувањето од водата, пак, претставува ново раѓање, па така, сега можеме да одиме во н_____ живот, имајќи љубов кон другите и послушни на Бога.



На 7 јуни 1692 година, земјотрес и голем бран на плима го погодиле градот Порт Ројал во Јамајка. Пристаништето и многу згради биле уништени, поголем дел од градот едноставно исчезнал во морето. Еден човек по име Луис Галди, за време на земјотресот бил жив проголтан во земјата. Жив закопан, тој се помолил на Бога за спас. Неколку моменти подоцна, уште еден земјотрес го ископал надвор од земјата и го фрлил во морето. По тој настан, Луис живеел уште 47 години!

## Брзи Факти

Оваа сабота ќе има крштавање! Еве ги имињата на кандидатите. Обој ги нивните имиња во табелата (десно) и ќе добиеш една посебна порака за Божјата црква.

Елена Јанчева
Стојан Зафировски
Боби Стојков
Моника Ристовска
Виктор Јовчевски
Мими Тодоровска
Сандра Јовановска

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Бојан | Мирко | Бојан | Биби | Лиле | Биби | Розе | Симе | Кире | Петар | Марко | Јован | Бојан | Бојан |
| Марко | Томе | Ѓорѓи | Бранко | Симе | Томе | Мирко | Ана | Томе | Ана | Розе | Симе | Ѓорѓи | Ѓорѓи |
| Елена | Мими | Јован | Јован | Моника | Ѓорѓи | Ѓорѓи | Моника | Биби | Боби | Јован | Кире | Мими | Јован |
| Боби | Бети | Бојан | Стојан | Ана | Стојан | Бојан | Виктор | Снеже | Стојан | Кире | Елена | Бојан | Боби |
| Сандра | Моника | Биби | Мирко | Андреј | Виктор | Симе | Елена | Виктор | Мими | Мирко | Виктор | Биби | Мими |
| Виктор | Андреј | Данче | Елена | Томе | Мими | Кире | Сандра | Андреј | Моника | Ѓорѓи | Сандра | Данче | Елена |
| Боби | Стојан | Сандра | Моника | Виктор | Стојан | Сандра | Боби | Ѓорѓи | Сандра | Јован | Розе | Моника | Бојан |
| Јован | Ана | Данче | Снеже | Томе | Симе | Кире | Мирко | Кире | Розе | Марко | Кире | Данче | Данче |
| Марко | Иван | Марко | Бранко | Ана | Јован | Ѓорѓи | Ѓорѓи | Бојан | Ѓорѓи | Бојан | Розе | Марко | Марко |
| Мирко | Томе | Снеже | Бети | Биби | Кире | Бојан | Марко | Биби | Јован | Ѓорѓи | Јован | Снеже | Снеже |
| Розе | Иван | Иван | Виктор | Розе | Данче | Боби | Розе | Стојан | Ѓорѓи | Елена | Боби | Ѓорѓи | Ѓорѓи |
| Симе | Снеже | Сандра | Бојан | Елена | Розе | Моника | Сандра | Моника | Бојан | Виктор | Мирко | Бојан | Бојан |
| Бојан | Јован | Елена | Бојан | Биби | Јован | Мими | Ѓорѓи | Виктор | Бранко | Елена | Сандра | Бојан | Бојан |
| Марко | Биби | Мими | Мирко | Виктор | Ѓорѓи | Сандра | Мирко | Елена | Јован | Мими | Розе | Мирко | Мирко |
| Ѓорѓи | Бојан | Бојан | Стојан | Јован | Симе | Моника | Симе | Сандра | Бојан | Боби | Моника | Тони | Тони |
| Бојан | Ѓорѓи | Бојан | Тони | Биби | Јован | Розе | Марко | Мирко | Јован | Симе | Марко | Бојан | Бојан |
| Јован | Бојан | Марко | Ана | Јован | Кире | Мирко | Симе | Кире | Ѓорѓи | Кире | Розе | Марко | Марко |

**Одговор:** ЕДНО СМЕ

# 8 Дали треба да се приклучам кон некоја црква кога ќе се крстам?

ОДГОВОР: ***„Зашто ние сите сме крстени преку еден Дух во едно тело“ (1. Коринтјаните 12,13). „Тој е и Глава на Телото, на Црквата“ (Колошаните 1,18). „Господ ги додаваше*** [на Црквата] ***оние, кои се спасуваа“ (Дела 2,47).***

Бог сака да се крстиме и да се приклучиме на неговата вистинска Црква. Тој сака да се соединиме со оние кои ги држат неговите заповеди и имаат вера во Исус (Откровение 14,12). Едно новороденче треба да биде ставено во семејство кое ќе му овозможи љубов и грижа, за тоа да може да расте и да биде здраво. Еден новороден христијанин треба да биде сместен во грижливо црковно семејство, за да може да израсне во духовно силна личност.





Лиле доби нов змеј за својот роденден. Таа беше толку возбудена што ќе може да го лета! Но, неколку дена по ред имаше само малку ветар. Лиле се обиде да си создаде свој сопствен ветар така што трчаше низ полето најбрзо што може, обидувајќи се да го подигне змејот кон небото. Но, штом ќе престанеше да трча, змејот само ќе слеташе долу, на земјата. Тоа беше многу заморно, а и не беше баш забавно.

Но едно утро кога таа се разбуди, погледна низ прозорецот, и ете - надвор дуваше ветер, совршен за змејови! Целото утро таа уживаше правејќи секакви трикови со змејот и летајќи го високо, до самиот крај на јажето. Многу позабавно е да се летаат змејови кога Бог ќе обезбеди ветар.

Како и на змејот на Лиле, и на тебе ти е потребен нов извор на енергија ако сакаш да го живееш својот живот за Бога. Светиот Дух мора да те исплони со сила за да живееш свет живот. Премногу работа има ако го правиш тоа сам.

Крштавањето е знак дека си се предал на Бога и си го замолил да го промени твоето срце. Тогаш ќе сакаш да сториш сѐ за да му угодиш нему, наместо себеси.

***„Затоа, без разлика дали јадете или пиете, или што и да правите, правете сѐ за Божја слава“ (1. Коринќаните 10,31).***

**Светиот Дух се нарекува Дух на:**

| | |
|---|---|
| ИСУС | БОГ |
| ГОСПОД | ВИСТИНАТА |
| МОЌ | ЖИВОТ |
| РАЗУМ | МУДРОСТ |
| СОВЕТ | ЗНАЕЊЕ |

**Најди ги овие зборови во табелата подолу. Можат да бидат нагоре, надолу, хоризонтално или дијагонално.**

| | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| М | М | М | Д | Ц | О | У | М | С | Е | Л | Љ | Г | З |
| Ц | О | Л | Ј | Б | М | У | П | З | Е | Ж | Њ | О | Ц |
| Т | Х | Ќ | Л | О | З | Д | О | А | Р | И | М | С | В |
| Р | Б | Б | Џ | А | Њ | Е | Т | С | Т | В | Н | П | Б |
| У | В | Н | Р | Н | Д | А | У | Ц | Ѕ | О | Б | О | Е |
| Т | Ц | М | В | Њ | Н | С | Б | О | М | Т | Г | Д | Н |
| И | С | У | С | И | Е | Т | О | В | У | Л | Д | У | М |
| Љ | Љ | М | Т | Ј | Ј | А | Г | Б | И | Е | В | И | А |
| Е | Њ | С | У | Р | К | Н | В | З | Н | А | Е | Њ | Е |
| Т | И | Р | Л | Д | Р | Д | Ц | Њ | Р | С | Џ | П | Д |
| В | Р | Е | И | Љ | Р | И | О | Љ | П | А | З | А | Ф |
| В | Т | Њ | Ф | Њ | О | О | Џ | Њ | А | Ф | З | С | Г |
| П | О | Њ | Е | Р | К | Г | С | Д | С | Г | К | У | Х |
| С | О | В | Е | Т | И | Е | Њ | Т | Д | Х | Ј | Ф | М |





## Брзи факти

Првиот чекор во изградбата на мостот преку Нијагарините водопади беше направен од 15-годишно момче по име Хоман Волш. Тој го летал својот змеј од едната страна на клисурата до другата. Јаженцето од змејот било употребено за со него да се повлече друго, подебело јаже, а со него пак, сајла. Наскоро, двете страни биле поврзани со силен мост кој издржува камиони и возови. А сето тоа започнало со едно тенко јаженце со кое бил врзан змејот!

# 9 Може ли да се биде премногу лош за да се биде спасен? Што ако направиш нешто лошо откако ќе се крстиш?

Одговор: Не можеш да бидеш премногу лош за да ти биде простено. Библијата вели дека, ако ги признаеш своите гревови, Бог е верен и праведен да ти прости и да те исчисти од секаква неправда (1. Јованово 1,9). За Исус никој не е безнадежен случај. Тој сака да те очисти и да ти помогне да живееш добар живот. Ако си подготвен вистински да се покаеш, тој е секогаш подготвен целосно да ти прости!

Во времето на Исус, лепрата била страшна болест која засекогаш ги раздвојувала семејствата и пријателите. Никој не сакал да биде близу до лепрозен човек... освен Исус. Тој ги сакал лепрозните како и сите други, и Тој ги исцелувал кога ќе дошле кај него за помош.

На ист начин, тој ќе те лекува духовно и тебе, ако дојдеш кај него. Библијата вели: ***„Оној кој доаѓа при мене нема да го исфрлам“ (Јован 6,37).*** Не можеш да бидеш премногу лош за Исус да те спаси. Треба само да дојдеш кај него верувајќи дека Тој те љуби и сака да те спаси.

Дали си забележал дека, кога бебињата учат да одат, постојано паѓаат? Но, исто така, тие не остануваат долу - секогаш одново стануваат! Да се живее христијански живот понекогаш е како повторно да учиш да одиш. Можеби ќе правиш грешки и ќе доживуваш духовни падови, но немој да се обесхрабруваш! Замоли го Исус да ти прости, а потоа стани и продолжи да го правиш она за кое знаеш дека Бог сака да го правиш.



## Брзи факти

**Иако, во просек, бебето паѓа околу 300 пати пред да биде во состојба стабилно да оди, тоа никогаш не се откажува.**



*Само продолжи да му веруваш на Исус!*

Исус го знае твоето срце и Тој копнее да те спаси. Иако може да правиш грешки, Исус е твој пријател и Тој е повеќе од подготвен да ти помогне да им се спротивставиш на сатанските искушенија.



# 10 Како можам да знам дали сум подготвен да се крстам?

Една ноќ, куќата се запали и едно младо момче беше принудено да побегне на покривот. Татко му стоеше долу во дворот и со раширени раце викаше кон својот син: „Скокни! Ќе те фатам!“. Тој знаеше дека неговото детенце мора да скокне за да го спаси животот. Сепак, сè што можеше момчето да види беше пламен, чад и црнило. Како што можеш да си претпоставиш, тоа се плашеше да скокне од покривот. Татко му викна повторно: „Скокни! Јас ќе те фатам!“. Но, момчето му одговори: „Тато, не можам да те видам!“. Таткото одговори: „Но, јас можам да те видам, а тоа е она што е важно“. Момчето скокна во чадот и татко му го дочека во своите прегратки. Детето беше спасено.

Вера е да имаш доверба во Исус. Тоа значи да се биде послушен на неговиот Збор, дури и кога ќе се плашиме, или не можеме да го видиме излезот.

Одговор: Прочитај ја лекцијава одново и види кои се твоите желби и избор.

**Дали „седиш на оградата“ или си донел одлука да го следиш Исус?**

**Дали го сакаш Бога? Дали си го поканил Исус во своето срце?**

**Дали сакаш да ги следиш себичните патишта на светот, или си подготвен да се откажеш од нив, бидејќи Исус го сакаш повеќе?**

**Дали се молиш и ја читаш Библијата за да ја дознаеш Божјата волја, или го читаш Божјиот збор само кога некој те тера?**

**Дали си ги проучил основните учења на Библијата, дали ги разбираш и дали веруваш во нив?**

**Дали учиш радосно да ги завршуваш твоите задачи и задолженија, како да ги правиш за Исус?**

Твоите искрени одговори на овие прашања ќе ти помогнат да дознаеш дали си подготвен да бидеш крстен.

Запомни, Исус веќе те одбрал тебе - сега само чека и ти да го одбереш него. Тој те љуби со сето срце. Тој го покажа тоа со својот живот, кога умре за тебе.

**Пораката подолу нема никаква смисла! Тоа е затоа што слоговите од некои зборови се испревртени. Подреди ги правилно за да ја откриеш пораката.**

**„Кајпоте се! И којсе од вас кане се стикр во итоме на Исуса Христа за вапроњешта на шивате вогреви...“** (**Помош:** Дела 2,38)

„_ _ _ _ _ _  _ _ ! _  _ _ _ _ _  _ _  _ _ _  _ _ _ _  _ _  _ _ _ _ _  _ _  _ _ _ _ _  _ _  _ _ _
_ _  _ _ _ _ _ _  _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _ _  _ _  _ _ _ _ _ _  _ _ _ _ _ _ _...“

***„Ние го љубиме, зашто прво Тој нè возљуби нас“ (1. Јованово 4,19).*** Исус рекол: ***„Моите овци го слушаат мојот глас, и јас ги познавам, и тие идат по мене. Јас им давам вечен живот и никако нема да загинат и никој нема да ги грабне од мојата рака“ (Јован 10,27.28).***

Исус сака да Го следиш и да имаш вечен живот. Тој, исто така, сака да им помогнеш и на другите го пронајдат. Да одиш по Исусовите стапки е највозбудливата авантура. Уште денес можеш да го направиш тој избор!



## 11 Дали сакаш да му го предадеш својот живот на Исус сега, и да се крстиш штом ќе бидеш подготвен? ____________

*Задолжително поразговарај и моли се со твоите родители и твојот пастор, за оваа возбудлива одлука!*

**Одговор:** „Покајте се! И секој од вас нека се крсти во името на Исуса Христа за проштавање на вашите гревови...“




## Еве неколку работи што можат да ти помогнат:

1. Пронајди барем еден возрасен верник кој ќе те охрабрува и советува за Божјите патишта. Најдобро е тоа да бидат твоите родители, но ако тие не ги разбираат твоите убедувања, побарај некого во Црквата.
2. Запомни дека секој ден треба да го читаш Божјиот збор и одново да му го предаваш своето срце - за тој ден - и да одбереш да живееш за негова слава.
3. Ако падеш, секогаш повторно стани! Не дозволувај сатаната да те обесхрабри, ако си направил грешка. Запомни, Исус ќе ти помогне да „научиш да одиш“ и да постигнеш победа.
4. Разговарај со Исус во текот на денот. Тој секогаш ги слуша твоите молитви.



***Уживаше ли во оваа возбудлива лекција?*** Искрено се надеваме дека е така! А сега одвој малку време да ги решиш **КВИЗ ПРАШАЊАТА.**

## *Забелешки*

# Квиз прашања

Прочитај ја лекцијата пред да одговориш на прашањата. Внимавај, некои прашања имаат повеќе точни одговори. Бројот на точни одговори за секое прашање е означен со црвена боја.

### 1. Исус сака да: (1)

○ а) седиме на ограда

○ б) одлучиме да го следиме, со целото наше срце

○ в) бидеме полухристијани - полусветовни

### 2. Кога ќе го изберам Исус, јас ќе: (2)

○ а) се покаам и ќе се одвратам од лошите работи

○ б) продолжам да постапувам исто како и порано

○ в) си правам она што сакам

○ г) одберам да ги правам оние нешта што го усреќуваат Бога

### 3. Крштевањето покажува дека: (3)

○ а) јас сум совршен и никогаш нема да направам нешто лошо

○ б) јас избрав да го следам Исус и сакам да живеам нов живот

○ в) сакам другите да знаат за мојот избор да го следам Исус

○ г) никогаш не можам да бидам изгубен, без оглед што и да правам

○ д) сакам да ги оставам зад себе гревот и лошите патишта

### 4. Библијата вели дека крштевањето е важно. (1)

○ а) Да

○ б) Не

### 5. Исус беше крстен: (1)

○ а) со попрскување

○ б) со полевање

○ в) со нуркање

### 6. Исус вели дека: (1)

○ а) има многу начини да се биде крстен, и сите се добри

○ б) има само едно вистинско крштевање

### 7. Стави „Т“, за точно и „Н“ за неточно пред изјавите подолу.

___ а) Исус може да го спаси секој кој доаѓа кај Него.

___ б) Откако ќе се обратам и крстам, никогаш повеќе нема да сторам грев.

___ в) Некои луѓе се премногу лоши за Исус да ги спаси.

___ г) Исус ќе ги прости моите гревови, ако му ги исповедам, и ќе им помогне да бидам послушен.

___ д) Што и да правам, треба да правам за слава Божја, а не за своја.

___ ѓ) На Бога му е сеедно дали сум крстен или не.



___ е) зборот „крштевање“ значи да се нурне или потопи.

___ ж) кога ќе се крстам, јас се приклучувам кон Божјето „тело“, неговата вистинска црква.

# Твои коментари:

## 8. Кои нови работи ги откри во оваа лекција?

________________________________________

________________________________________

________________________________________

## 9. Дали сакаш да му го свртиш грбот на светот и сите негови грешни привлечности, и да одбереш да живееш за Христа и да се крстиш, штом ќе бидеш подготвен?

____________________

**Одговор:**

1. Исус сака да::
   **б)** одлучиме да Го следиме, со целото наше срце

2. Кога ќе го изберам Исус, јас ќе:
   **а)** се покаам и ќе се одвратам од лошите работи
   **г)** одберам да ги правам оние нешта што го усреќуваат Бога

3. Крштевањето покажува дека:
   **б)** јас избрав да го следам Исус и сакам да живеам нов живот
   **в)** сакам другите да знаат за мојот избор да го следам Исус
   **д)** сакам да ги оставам зад себе гревот и лошите патишта

4. Библијата вели дека крштевањето е важно.
   **а)** Да

5. Исус беше крстен:
   **в)** со нуркање

6. Исус вели дека:
   **б)** има само едно вистинско крштевање

7. Стави „Т“, за точно и „Н“ за неточно пред изјавите подолу.
   **Т - а)** Исус може да го спаси секој кој доаѓа кај Него.
   **Н - б)** Откако ќе се обратам и крстам, никогаш повеќе нема да сторам грев.
   **Н - в)** Некои луѓе се премногу лоши за Исус да ги спаси.
   **Т - г)** Исус ќе ги прости моите гревови, ако му ги исповедам, и ќе им помогне да бидам послушен.
   **Т - д)** Што и да направам, треба да правам за слава Божја, а не за своја.
   **Н - ѓ)** На Бога му е сеедно дали сум крстен или не.
   **Т - е)** зборот „крштевање“ значи да се нурне или потопи.
   **Т - ж)** Кога ќе се крстам, јас се приклучувам кон Бошјето „тело“, неговата вистинска црква.

Твоето име и презиме ____________________

Твојата адреса ____________________

Одобрение од родител / старател ____________ ________

*име и презиме* *потпис*

ВОСХИТУВАЧКИ ФАКТИ

Откако ќе ги одговориш сите прашања, исечи го листов и испрати го на нашата адреса:

**Дописна библиска школа, Поштенски фах 215, 1001 Скопје**

и очекувај ја следната лекција!